Врз основа на член 10 од Правилникот за критериумите за склучување на договори и начинот на плаќање на здравствените услуги од приватните здравствени установи аптеки („Службен весник на Република Северна Македонија” број 198/2019) Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија на седницата одржана на 28 октомври 2019 година донесе

**О Д Л У К А**

**за утврдување на висината на надоместокот на здравствена услуга за обезбедување на осигурените лица со лекови на рецепт во примарна здравствена заштита**

**Член 1**

За извршена здравствена услуга обезбедување лекови на рецепт од Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот во примарната здравствена заштита, Фондот плаќа надоместок на организационите единици – аптеки по реализиран рецепт согласно прописите.

Надоместокот од став 1 на овој член се утврдува во висина од 18% од референтната цена односно големопродажната цена без ДДВ за лекот кој е фактуриран до Фондот, но не повеќе од 180,00 денари по реализиран рецепт.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 ноември 2019 година.

**Број: 02 – 17714/3**
**28.10.2019 година**
**Скопје**

**УПРАВЕН ОДБОР/ BORDI DREJTUES**
**Претседател / Kryetar**
**D-r Ridvan ASANI**